23.09.20

C

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTMENTI I UJËRAVE
Арх.бр. 11-3448/ 4
Дата: 18 -09- 2020

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено / E pranuar: 22 -09- 2020
44-7379/6

ДО: Влада на Република Северна Македонија
Бул. Илинден бр. 2
1000 Скопје

ВРСКА: Ваш бр. 44-7379/1 од 06.08.2020
ПРЕДМЕТ: Мислење

Почитувани,

Во врска со доставената Информација за негативните влијанија на планираната мала хидроелектрична централа на Мала река и потребата од запирање на нејзината изградба, Министерството за животна средина и просторно планирање го разгледа доставениот материјал од општина Кочани, изврши увид во целокупната документација за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од Мала река и изградба на МХЕ Мала река со реф.бр. 361 и го дава следното:

МИСЛЕЊЕ

Врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 35 мали хидроелектрични централи („Службен весник на Република Македонија" бр. 21/2016, 82/2016 и 111/2016), спроведена е постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од МХЕ Мала река со реф. Бр. 361 Мала река, во која е обезбедено позитивно мислење од општина Кочани под бр. 26-2541/2 оф 30.12.2015 година, со кое се укажува на обврската да се води сметка за одржување на константен биолошки минимум на водата во Мала река со цел да недојде до нарушување на биодиверзитетот на реката.

По спроведување на постапката донесена е Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа на локација со референтен број 361 на река Мала Река („Службен весник на Република Македонија" бр. 192/16), врз основа на која понудувачот има обврска да регистрира


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

друштво преку кое ќе ја извршува концесиската дејност. Согласно со наведената обврска од страна на избраниот понудувач Конзорциумот составен од Симао БЖ Солар доо Скопје и ЏС Актуел ДОО Скопје регистрирано е Друштво за производство на електрична енергија "ДИС ЕНЕРГИЈА"ДОО Скопје.

Регистрираното друштво има обврска во согласност со одредбите од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016), а пред потпишување на Договорот за концесија, да обезбеди дозвола за користење на водата. Во насока на исполнување на оваа обврска Инвеститорот "ДИС ЕНЕРГИЈА" доо Скопје до Министерството за животна средина и просторно планирање доставил барање за добивање на Дозвола за користење на вода за производство на електрична енергија и употреба на мала хидроелектрична централа на Мала река со реф. Бр.361 на водотекот Мала река, Вардарско сливно подрачје, општина Кочани. Во согласност со Законот за водите доставеното барање е објавено во дневен весник со цел да се информира заинтересираната јавност и да даде свои забелешки, а истовремено барањето е доставено до општина Кочани со цел да се произнесе по истото. Со допис бр. 03-1415/2 од 21.07.2017 година, општина Кочани дава позитивно мислење за реализација на проектот, а од страна на јавноста не се дадени забелешки. По спроведување на постапката од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадена Дозвола за користење на вода за производство на електрична енергија со бр.УП 1-11/5-907/2017 од 16.06.2017 година, по што е склучен Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Мала река со реф.бр.361, бр.11-2436/1 од 11.04.2018 година.

Со склучување на Договорот за концесија, Концесионерот преземал обврска да ја изгради малата хидроелектричн централа во рок од три години од денот на склучувањето на Договорот, при што во целост треба да ги почитува условите утврдени Елаборатот за заштита на животната средина за изградба и работа на мала хидроелектрична централа "Мала река" реф.бр.361 во општина Кочани, одобрен со Решение на Министерството за животна средина и просторно планирање бр.УП1-11/4-579/2017 од 26.05.2017 година, Дозволата за користење на вода во која се содржани условите и критериумите кои треба да бидат запазени при изградба и оперирање до објектот.

Ставовите на општина Кочани дека со изградбата на МХЕ мала река со реф.бр. 361 ќе се промени хидролошкиот режим низводно во Кочанска река и Брана Градче,

со што ќе се наруши и состојбата и квалитетот на водата, ќе се намали нивото на водата во акумулација Градче, а со тоа и расположливиот ресурс за наводнување на земјоделски површини, се неосновани. Согласно проектната докуменатција, издадената дозвола и склучениот Договор, концесионерот има обврска континуирано да испушта биолошки минимум, а целокупното количество искористени води се испушта во Мала река пред нејзиниот влив во акумулација Градче. На ваков начин не може да дојде до намалување на водите во акумулација Градче, кои се предвидени за наводнување. Во однос на нарушувањето на квалитетот на водите укажуваме дека малите хидроелектрични централи спаѓаат во групата на обновливи извори на енергија за кои постои соодветна поддршка и кои придонесуваат за намалување на емисиите на $CO_2$, немаат негативно влијание врз животната средина и не го нарушуваат квалитетот на водите.

Истовремено укажуваме дека од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, а заради разновидноста и богатството на биодиверзитетот, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејзажните, пределните и други вредности, природни убавини, како и специфичната интеракција на луѓето и природата подготвен е предлог Одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитен предел. Со прогласувањето на Заштитен предел - Осоговски Планини се овозможува:

- зачувување на автентичната состојба на природата преку заштита на природните и други вредности;
- спречување на дејствија што можат непосредно или посредно да предизвикаат нарушување на природната рамнотежа на екосистемите;
- создавање на поволни услови за заштита, зачувување и унапредување на биолошката и пределската разновидност и природното наследство;
- регулирање и одржување на интеракцијата помеѓу човекот кон природата, заради
зачувување на автентичната состојба на заштитниот предел и
- одржливо користење на природните ресурси на начин на кој не се загрозува

опстанокот на видовите и нивната природна рамнотежа. Во насока на прогласување на „Осоговски Планини“ во категоријата „Заштитен предел“ изработена е СТУДИЈА ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА за предлог-подрачјето за заштита „Осоговски Планини“ во категоријата „Заштитен предел“, во која се определени зоните за заштита, каде се дефинирани зона на строга заштита, зона на активно управување и зона на одржливо користење. Согласно Студијата

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Малата хидроелектрична централа Мала река со реф.бр. 361 е во Зоната на одржливо користење, која не поседува високи вредности за заштита, и за која не се предвидени забрани за реализација на ваков тип на проекти.

Имајќи го во предвид наведено, Министерството за животна средина и просторно планирање е на мислење нема оправдани причини за раскинување на договорот за концесија.

Со почит,

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изработил: Мелита Гочевска
Контролирал: Ylber Mirta
Согласен: Xhezmi Saliu
Директор на Управа за животна средина

По овластување на министер
Државен советник Тодор Ѓорговски


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk